Бр./Nr 12-339/3
29-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по предметот со број 12-2637/1 од 08.10.2024 година, СЕ ЗАПИРА поради тоа што по наводите од пријавата постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2637/1 од 08.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2637/1 од 08.10.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата се содржани наводи за сомневања за незаконски прераспоредувања и унапредувања во ///, без објавување интерен оглас, на вработени кои немале соодветна оценка и образование, сомневања за противправно поништување на претходно објавен оглас, како и наводи на сомневања за незаконска промена на внатрешната организациска структура и систематизација.

Заради утврдување на состојбите за предметниот случај, ДКСК побара испитување на наводите во пријавата од Државниот инспекторат за труд на РСМ и Државниот управен инспекторат на РСМ.

Државниот управен инспекторат на РСМ се огласи за ненадлежен за испитување на наводите од пријавата, а Државниот инспекторат за труд на РСМ до ДКСК достави Записник за извршен инспекциски надзор бр. ///од /// година, во кој е констатирано дека наводите во пријавата по однос на поништувањето на

интерните огласи се точни и дека со нивното поништување, одговорното службено лице во /// постапило спротивно на интерниот акт за спроведување постапка за унапредување на повисоко работно место. Распоредувањата биле спроведени врз основа на донесена нова систематизација и при тоа биле применети законски одредби со кои се уредуваат распоредувањата во ///, а не унапредувањата на вработените. Во таа смисла, Државниот инспекторат за труд на РСМ нотира дека поништувањето на претходно објавените огласи е можно само врз основа на предлог на комисијата за селекција за унапредување и тоа доколку настапат условите кои се пропишани во интерниот акт за спроведување постапка за унапредување на повисоко работно место на ///.

За вака утврдената состојба Државниот инспекторат за труд на РСМ не изрекол инспекциска мерка, бидејќи роковите за постапување биле поминати и со истата, како што оценил Државниот инспекторат за труд на РСМ, не можат да се отстранат утврдените неправилности. Дополнително, Државниот инспекторат за труд на РСМ констатирал дека Законот за /// не содржи прекршочни одредби.

Во текот на постапувањето ДКСК се стекна со сознанија дека во Основно јавно обвинителство Скопје е оформен предмет со исти или слични наводи како овој предметен случај, за кој активно се преземаат активности со цел утврдување на состојбите. Следствено, ДКСК утврди дека по предметните наводи постапува друг надлежен орган заради што одлучи како во диспозитивот.

**Заменик – претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д.Д., советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК